Финансирано од Европска Унија

Граѓанското општеството и младите за инклузивен и одржлив развој преку циркуларна економија во Северна Македонија

# ПОВИК
# ЗА АКАДЕМИЈА ЗА ЦИРКУЛАРНА ЕКОНОМИЈА
# И ГРАНТОВА ПОДДРШКА ЗА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

**Датум на објава:** 27 септември, 2024

**Рок за поднесување на пријави:** 27 октомври, 2024

Проектот „Граѓанското општество и младите за инклузивен и одржлив развој преку циркуларна економија во Северна Македонија" е финансиран од Европската Унија. Лидер на проектот е Луѓе во потреба (ПИН), во партнерство со АРНО, Лидери за Едукација, Активизам и Развој (LEAD), и Ековита.

Овој документ е изработен со финансиска помош од Европската Унија. Содржината на овој документ е единствена одговорност на ПИН и АРНО и на никаков начин не ги рефлектира гледиштата на Европската Унија.

People in Need

ASSOCIATION FOR DEVELOPMENT OF NEW OPTIONS
www.arno.org.mk

LEAD
Leaders for Education, Activism and Development

ЕкоВита
Неготино

## СОДРЖИНА

ВОВЕД ........................................ 3
А. АКАДЕМИЈА ЗА ЦИРКУЛАРНА ЕКОНОМИЈА ........................................ 3
1. ЗА АКАДЕМИЈАТА ЗА ЦИРКУЛАРНА ЕКОНОМИЈА ........................................ 3
2. ШТО НУДИ АКАДЕМИЈАТА ........................................ 3
2.1. ПРОГРАМА НА АКАДЕМИЈАТА........................................ 4
2.2. БАРАЊА И УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО ВО АКАДЕМИЈАТА ........................................ 5
3. КРИТЕРИУМИ ........................................ 5
3.1. ПАРТНЕРСТВА ........................................ 6
3.2. ПРИДРУЖНИ ПАРТНЕРИ ........................................ 6
4. ПОСТАПКА ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ ........................................ 6
4.1. ПРОПРАТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ........................................ 7
4.2. РОК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ ........................................ 7
4.3. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПОВИКОТ ........................................ 7
5. ЕВАЛУАЦИЈА И СЕЛЕКЦИЈА ........................................ 8
5.1. ПОСТАПКА ЗА ЕВАЛУАЦИЈА ........................................ 8
5.2. КРИТЕРИУМИ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА ........................................ 8
6. КЛУЧНИ ДАТУМИ И ВРЕМЕНСКА РАМКА ........................................ 10
В. ПОДДРШКА ПРЕКУ ГРАНТОВА ШЕМА ........................................ 10
1. ЦЕЛ НА ГРАНТОВАТА ШЕМА ........................................ 10
2. ПОДОБНИ КОРИСНИЦИ ........................................ 10
3. ВИД НА ПОТЕНЦИЈАЛНИ АКТИВНОСТИ ........................................ 10
4. ТРОШОЦИ ........................................ 11
4.1. ОПРАВДАНИ ТРОШОЦИ ........................................ 11
4.2. НЕОПРАВДАНИ ТРОШОЦИ ........................................ 12
5. ВРЕМЕТРАЕЊЕ И ГОЛЕМИНА НА ГРАНТОВИТЕ ........................................ 12
6. КОФИНАНСИРАЊЕ ........................................ 12
7. ЛОКАЦИИ ........................................ 12
8. ЕВАЛУАЦИЈА И СЕЛЕКЦИЈА ........................................ 13
8.1. КРИТЕРИУМИ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА И СЕЛЕКЦИЈА ........................................ 13
8.2. КРИТЕРИУМИ ЗА ИСКЛУЧУВАЊЕ ........................................ 13
9. ПЛАЌАЊЕ И ОБВРСКИ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ ........................................ 13
10. РАЗВОЈ НА КАПАЦИТЕТИТЕ И РАЗМЕНА НА ЗНАЕЊЕ ........................................ 14
11. МЕХАНИЗАМ ЗА ПОВРАТНА ИНФОРМАЦИЈА И ОДГОВОР НА ЗАЕДНИЦАТА ........................................ 15

## ВОВЕД

**„Граѓанското општество и младите за инклузивен и одржлив развој преку циркуларна економија во Северна Македонија" е проект финансиран од Европската Унија** преку Програмата за поддршка на организации на граѓанското општество и медиуми во Република Северна Македонија - ИПА Програма за граѓанско општество 2022-2023.

Проектот се спроведува од **Луѓе во потреба (ПИН) од Република Чешка,** во партнерство со **АРНО, Лидери за Едукација, Активизам и Развој (LEAD),** и **Ековита** од Република Северна Македонија.

Целта на проектот е да ја поддржи транзицијата кон зелена и одржлива економија и раст преку ефикасно користење на ресурсите во Северна Македонија, зајакнување на улогата, капацитетите и отпорноста на граѓанското општество и охрабрување на младите да се вклучат во циркуларната економија, во едукацијата, и во намалување на отпадот.

# А. АКАДЕМИЈА ЗА ЦИРКУЛАРНА ЕКОНОМИЈА[1]

## 1. ЗА АКАДЕМИЈАТА ЗА ЦИРКУЛАРНА ЕКОНОМИЈА

**Академијата за циркуларна економија** (во понатамошниот текст: Академија) е една од клучните активности на проектот „Граѓанското општество и младите за инклузивен и одржлив развој преку циркуларна економија во Северна Македонија" финансиран од Европската Унија.

**Општата цел** на Академијата е да ја зајакне улогата, капацитетите и вклученоста на граѓанските организации во циркуларната економија и зелената транзиција во Република Северна Македонија.

**Специфичната цел** на Академијата е да ги поддржи граѓанските организации да развијат иновативни идеи и циркуларни бизнис модели или да обезбедат дополнителен раст на економските активности преку обуки, менторство, експертска поддршка, вмрежување и грантова шема.

Вкупното времетраење на Академијата е **седум месеци**.

## 2. ШТО НУДИ АКАДЕМИЈАТА

Академијата нуди комбинирано учење користејќи теоретски и практичен пристап. Во рамките на овој повик ќе бидат **избрани 12 граѓански организации** кои сакаат да развијат нови идеи и циркуларни бизнис модели или да обезбедат дополнителен раст на економските активности и да го зголемат своето знаење и капацитети во циркуларната економија. Граѓанските организации ќе добијат професионална поддршка од искусни

[1] Циркуларната економија е модел на производство и потрошувачка, кој вклучува споделување, изнајмување, повторна употреба, поправање, обновување и рециклирање на постоечките материјали и производи колку што е можно подолго. На овој начин, животниот циклус на производите се продолжува и го намалува отпадот на минимум. – *дефиниција на Европскиот парламент*.

претприемачи, универзитетски професори, експерти и ментори во циркуларната, зелената и социјалната економија.

## 2.1. ПРОГРАМА НА АКАДЕМИЈАТА

**Програмата на Академијата** се состои од 1) едукативни модули; 2) менторски сесии; 3) тематски експертски сесии; 4) активности за вмрежување и споделување на искуства; и 5) поддршка преку грантова шема.

1. **Едукативни модули** – граѓанските организации ќе учествуваат на 10 онлајн и офлајн групни модули (3 часа по модул, вкупно 30 часа) за да се запознаат со концептот на циркуларна економија и циркуларни бизниси и да ги развијат своите идеи и циркуларни бизнис модели.
   Модули[2]: Вовед во циркуларна економија; Повеќе од циркуларна економија: "Крофна Економија"; Циркуларни бизнис модели; Политики за циркуларна економија во Северна Македонија; Принципи на циркуларен дизајн и концептот на 8P; Управување со отпад и рециклирање; Еко-маркетинг и стратегии за потрошувачи; Бренд иновации и комуникација во циркуларна економија; Продажба и буџетирање на циркуларни бизниси; Јавно презентирање.

2. **Менторски сесии** – граѓанските организации ќе учествуваат во менторска програма (3 часа месечно, вкупно 18 часа менторство) со искусни експерти од бизнис заедницата, циркуларната и социјалната економија. Менторите ќе бидат назначени врз основа на идентификуваните капацитети и потреби на граѓанските организации за успешно развивање или доразвивање на нивните циркуларни бизнис модели.

3. **Тематски експертски сесии** – граѓанските организации ќе работат со тематски експерти (3 часа тематски консултации) кои ќе им помогнат во проценката на изводливоста и одржливоста на нивната идеја и циркуларен бизнис модел. Граѓанските организации ќе бидат поврзани со тематски експерти врз основа на нивните потреби и капацитети и секторот/индустријата на нивните идеи (текстил, храна, земјоделство, услуги, градежништво, дигитализација, управување со отпад, итн.).

4. **Вмрежување и споделување на искуства** – три од едукативните модули ќе бидат организирани во Скопје каде што граѓанските организации ќе имаат можност да се вмрежат и да ги промовираат своите идеи и циркуларни бизнис модели со донатори, ментори, експерти и проектните партнери. Граѓанските организации ќе присуствуваат и на 8 онлајн „живи библиотеки“ каде што ќе бидат презентирани успешни циркуларни бизниси од Северна Македонија, Западен Балкан и Европската Унија.

[2] Во зависност од обучувачите, менторите и тематските експерти, содржината и датумите на модулите може да варираат. Исто така, содржината на модулите може да биде адаптирана по конечниот избор на учесниците во Академијата.

5. **Поддршка преку грантова шема** – осум (8) од дванаесетте избрани (12) граѓански организации ќе добијат грантови до 8.000 евра за да ги реализираат своите идеи и циркуларни бизнис модели. Времетраењето на грант поддршката ќе биде помеѓу 8 и 12 месеци. За грантова поддршка, учесниците ќе ги презентираат своите идеи и циркуларни бизнис модели пред експертско жири на финалниот натпревар (*Демо ден*). Финалниот натпревар (*Демо ден*) се очекува да се одржи мај/јуни 2025 година во Скопје. Експертското жири ќе одлучи за осумте најдобри идеи кои ќе добијат финансиска поддршка.

Проектниот конзорциум го задржува правото да го промени бројот и износот на грантовите.

**Прелиминарната временска рамка** на Академијата може да се најде на следниот линк: https://shorturl.at/UdOao. Повеќе информации за постапката, критериумите и правилата за финансирање може да се најдат во вториот дел од овој повик.

## 2.2. БАРАЊА И УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО ВО АКАДЕМИЈАТА

Се очекува **двајца (2) членови од раководството** на секоја граѓанска организација да учествуваат во Академијата, посветувајќи во просек 12-14 часа месечно во текот на целата Академија.

За да ја презентираат својата идеја на финалниот натпревар (*Демо ден*) и да добијат сертификат за завршување на Академијата, граѓанските организации мора да присуствуваат на најмалку 80% од модулите, да ги реализираат своите менторски и експертски часови, и да учествуваат во активностите за вмрежување и споделување на искуства.

Дел од активностите на Академијата и едукативниот материјал ќе бидат на **македонски и англиски јазик.** Затоа се очекува барем еден од членовите на организацијата да има добро познавање на англиски јазик.

Граѓанските организации треба интерактивно да се вклучат во активностите, да ги почитуваат роковите и одговорностите. Тие ќе потпишат посебен договор со АРНО со кој ќе ги специфицираат и регулираат условите за нивното учество.

## 3. КРИТЕРИУМИ

На овој повик може да се пријават**:**

- **граѓански организации** основани во Република Северна Македонија **најмалку 12 месеци пред официјалниот датум на отворање на повикот за апликации.**[3]

[3] Граѓанска организација е секоја асоцијација, фондација, унија, како и секоја организациска форма на странска организација, или која било друга форма на здружување, регистрирана во согласност со Законот за здруженија на граѓани и фондации.

**Дополнителни критериуми**

Дополнително, апликантите треба да имаат:

- претходно искуство и капацитет за учество во Академијата според барањата на овој повик
- иновативна идеја за циркуларен бизнис модел или идеја за дополнителен раст на економските активности
- цел да постигнат одржливост на циркуларниот бизнис модел, со примарно користење на локални ресурси

Граѓанските организации можат да учествуваат во овој повик со најмногу две пријави. Сепак, само една пријава може да биде избрана за учество во Академијата и понатамошно финансирање во рамките на грантовата шема.

Се охрабруваат да се пријават граѓански организации кои претходно не биле дел од слични програми или не добиле слична поддршка. Проектниот конзорциум ќе се обиде да одржи родова рамнотежа и правична географска застапеност на апликантите.

## 3.1. ПАРТНЕРСТВА

**Партнерствата не се задолжителни, но се дозволени.** Водечкиот апликант може да има најмногу еден партнер. Партнерите мора да аплицираат со само една заедничка идеја. Партнерите мора да го назначат водечкиот апликант како потписник.

Партнерите мора да ги исполнуваат истите критериуми како водечкиот апликант и можат да ги користат финансиските ресурси под истите услови како него.

## 3.2. ПРИДРУЖНИ ПАРТНЕРИ

Освен апликантот и партнерите, други правни лица можат да бидат вклучени во Академијата како „придружни партнери“. Овој повик **препорачува и охрабрува придружни партнерства.**

Придружните партнери треба да имаат јасна улога и да бидат интегрален дел од идејата и циркуларниот бизнис модел. Придружните партнери не мора да ги исполнуваат критериумите за подобност на апликантот и партнерите. Тие можат да бидат јавни институции, локални самоуправи (општини) и други правни лица или неформални групи.

Придружните партнери можат да учествуваат во Академијата под истите услови како водечкиот апликант и партнерите. Сепак, истите не може да добијат финансиски средства од грантовата шема од овој проект, освен ако не е поинаку специфицирано.

## 4. ПОСТАПКА ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ

За да се пријават, апликантите потребно е:

• Да ја **пополнат пријавата** на македонски јазик. Пријавата е достапна на следниот **ЛИНК.**

## 4.1. ПРОПРАТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Покрај пријавата, апликантите треба да ја доставаат следната **пропратна документација:**

1. Тековна состојба од Централен регистар на Р. Северна Македонија не постара од 6 (шест) месеци
2. Статут или основачки акт (последна верзија)
3. Завршна сметка за 2023 година
4. Изјава за партнерство или писмо за поддршка од придружните партнери (доколку има партнери)
5. Изјава за подобност - достапна на: https://shorturl.at/31O19

Во проект со повеќе партнери, потребно е да се достави иста пропратна документација за секој партнер.

Доколку апликантот биде избран за финансирање преку грантовата шема, и водечките апликанти и партнерите ќе треба да достават дополнителна документација за да ја докажат својата подобност за примање средства според правилата на Европската Унија.

**Доставување на пропратна документација**

Целосната пропратна документација треба да биде испратена во **електронска верзија.** Пријавите и пропратна документација испратени на кој било друг начин (на пр. по факс, по пошта/курир итн.) или директно доставени ќе бидат автоматски одбиени. Пријавата и пропратната документација треба да се во PDF формат и не поголеми од 10 MB.

Пред поднесување, се препорачува апликантите да ја консултираат листата за проверка на документите за пријава, достапна на следниот линк: https://shorturl.at/1AMZT

## 4.2. РОК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ

Рокот за пријавување е: **27 октомври 2024, 23.59 часот.**

Пријавата и пропратната документација треба да се испратат на **arno.mkd@gmail.com** со наслов: Пријава за Академија за циркуларна економија.

Сите апликанти ќе добијат потврда за прием на документите. Непотполните или доцните апликации нема да бидат разгледани.

## 4.3. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПОВИКОТ

АРНО и ПИН ќе организираат **хибридна инфо сесија** во Скопје и на платформата Zoom. Датумот и местото на одржување на инфо сесијата ќе бидат дополнително објавени.

Сите заинтересирани апликанти можат да ги испратат своите прашања на marjan@arno.org.mk најдоцна до 20 октомври, 2024. Одговорите на прашања ќе бидат дадени исклучиво по е-пошта.

# 5. ЕВАЛУАЦИЈА И СЕЛЕКЦИЈА

## 5.1. ПОСТАПКА ЗА ЕВАЛУАЦИЈА

Евалуацијата и селекцијата на апликациите ќе се одвива во две фази:

**Фаза 1 – Административна проверка** – ќе биде извршена од страна на комисија за евалуација составена од партнерите на проектот: ПИН, АРНО, ЛЕАД и Ековита. Комисијата ќе процени дали апликантите: ги исполнуваат критериумите за апликација; ја имаат целосно пополнето пријавата; ја имаат доставено целата пропратна документација и го запазиле рокот за апликација. Проектните партнери го задржуваат правото да побараат дополнителни информации (на пр. портфолио за претходни активности, и слично).

**Фаза 2 – Евалуација и селекција** – ќе биде извршена од страна на експертско жири. Претселектираните апликанти ќе бидат повикани да ја презентираат својата апликација онлајн пред експретското жири.

## 5.2. КРИТЕРИУМИ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА

Жирито ќе ги оценува апликантите според **рамката за евалуација** презентирана подолу. Жирито ги оценува секој од критериумите на скала од 1 (еден) до 5 (пет), при што 1 (еден) е најниската, а 5 (пет) е највисоката оценка.

Максималниот број на поени е 80.

**РАМКА ЗА ЕВАЛУАЦИЈА**

| ОПИС | | ПОЕНИ |
|---|---|---|
| **ИСКУСТВО И КАПАЦИТЕТ** | -Дали апликантот има претходни економски активности, и/или посетувано обуки и/или е дел од партнерства во циркуларната, социјалната и/или зелената економија<br>-Дали апликантот има номинирано најмалку двајца членови од раководството за учество во Академијата<br>-Дали апликантот има доволен број на вработени лица (работен однос/хонорарно/волонтерски) со знаење и искуство во циркуларната, социјалната и/или зелената економија за спроведување на идејата<br>-Дали апликантот има претходно искуство во водење/учество на проекти и програми и финансиско работење во граѓанскиот сектор | **Максимум 20** |
| **ЦИРКУЛАРЕН БИЗНИС МОДЕЛ** | -Дали циркуларниот бизнис модел е заснован на локални ресурси и принципи на циркуларна економија (на пр. превенција на отпад, одговорна потрошувачка итн.) и „зелен“ еко синџир на набавки<br>-Дали бизнис моделот е изводлив или може да се прилагоди на важечките регулативи во Република Северна Македонија | **Максимум 35** |

| | | |
|---|---|---|
| | -Дали бизнис моделот вклучува засегнати страни и други партнери од локалната заедница како интегрален дел<br>-Дали производите и услугите, и процесот на производство се јасно дефинирани<br>-Дали има јасно дефинирана целна публика и дали предлог вредноста на бизнис моделот е усогласена со нивните потреби и преференции<br>-Дали постои јасна и изводлива бизнис логика која води кон профитабилност и раст на долг рок<br>-Дали економската одржливост и главните извори на приходи се засновани на анализа на пазарот и пазарната конкуренција | |
| **СОЦИЈАЛНО И ЕКОЛОШКО ВЛИЈАНИЕ** | -Дали идејата ја унапредува заштитата на животната средина и/или го ублажува негативното влијание врз животната средина<br>-Дали идејата решава еколошки и/или социјални проблеми во локалната заедница преку споделување на знаење, фер вработување, канали за набавка и дистрибуција и партнерства.<br>-Дали идејата има позитивно влијание врз локалната економија преку креирање на работни места и генерирање на побарувачка за нови услуги и производи. | **Максимум 15** |
| **ИНОВАЦИЈА** | -Дали циркуларниот бизнис модел е иновативен во контекст на македонскиот екосистем<br>-Дали идејата промовира нови пристапи и бизнис модели за решавање на еколошки и социјални проблеми | **Максимум 10** |
| **ВКУПНО** | | **Максимум 80** |

Жирито ќе ги избере најдобрите 12 апликации за учество во Академијата.

Избраните апликанти ќе бидат навремено информирани и ќе бидат контактирани да го потврдат своето учество. Жирито ќе изготви резервна листа на апликанти кои ќе бидат повикани доколку некој апликант се откаже или биде спречен да учествува во Академијата.

Проектниот конзорциум го задржува правото да избере помалку или повеќе од 12 апликанти врз основа на бројот и квалитетот на апликациите.

### 6. КЛУЧНИ ДАТУМИ И ВРЕМЕНСКА РАМКА[4]

| АКТИВНОСТ | ДАТУМ И ВРЕМЕ | ФОРМАТ |
|---|---|---|
| **1. Објава на повикот за апликации** | 27 септември 2024 | Онлајн |
| **2. Инфо сесија** | средина на октомври 2024 | Хибриден (Скопје и ZOOM) |
| **3. Рок за прашања** | 20 октомври 2024 | Онлајн (преку е-пошта) |
| **4. Рок за поднесување на пријави** | 27 октомври 2024, 23.59 часот | Онлајн |
| **5. Презентација на идеи од претселектирани апликанти** | почеток на ноември 2024 | Онлајн |
| **6. Одлука за избор** | средина на ноември 2024 | Онлајн |
| **7. Почеток на Академијата** | крај на ноември 2024 | Скопје/Онлајн |
| **8. Крај на Академијата и почеток на грантова шема** | мај/јуни 2025 | Скопје |

## В. ПОДДРШКА ПРЕКУ ГРАНТОВА ШЕМА[5]

### 1. ЦЕЛ НА ГРАНТОВАТА ШЕМА

Целта на оваа грантова шема е да обезбеди финансирање на иновативни идеи и циркуларни бизнис модели во циркуларна економија.

По завршувањето на Академијата, **8 (осум) граѓански организации ќе добијат грантови во висина до 8.000 евра** наменети за спроведување на нивните идеи и циркуларни бизнис модели и започнување или дополнителен раст на економските активности, вклучувајќи заеднички иницијативи со властите и/или бизнис заедницата.

Основните барања за грантовата поддршка се наведени подолу. Посебните упатства за грантовата поддршка ќе бидат објавени надоцна до 1 февруари 2025 година.

### 2. ПОДОБНИ КОРИСНИЦИ

Граѓанските организации кои ќе ја **завршат Академијата** (присуствуваат на минимум 80% од модулите) и **ќе ги реализираат и комплетираат менторските и експертските часови.**

### 3. ВИД НА ПОТЕНЦИЈАЛНИ АКТИВНОСТИ

Очекуваните активности во рамки на поддржаните акции вклучуваат активности (кои ќе бидат усогласени и дополнително наведени во упатствата откако ќе бидат избрани учесниците на Академијата) за развој на циркуларни бизнис модели кои ги следат принципите на циркуларната економија: рециклирање, апциклирање, пренамена на отпад

---

[4] Забелешка: Ова е прелиминарен распоред на активности, освен за датумите наведени во точките 1, 3 и 4. Партнерскиот конзорциум го задржува правото да ја промени временската рамка.

[5] Сите информации и услови наведени во Шемата за грантова поддршка се само индикативни и ќе бидат предмет на дефинирање/прилагодување на учесниците на Академијата. Насоките ќе бидат објавени најдоцна до 1 февруари 2025 година.

или отфрлени производи, како и испорака на услуги и намалување на конзумеризмот (пример, индустрии за храна и освежителни производи, текстил, мебел, предмети за домаќинство итн.).

Предложените акции треба да ја промовираат транзицијата кон циркуларна економија, да бидат достапни за широк опсег на граѓани, вклучувајќи млади и постари лица, жени, лица со попреченост и маргинализирани групи. Се очекува акциите да го подобрат управувањето со отпадот, и употребата на отпадот преку различни видови активности, што ќе резултира со здружување на луѓето и бизнисите околу заеднички интереси и грижа за животната средина.

**Примерите на потенцијални активности вклучуваат, но не се ограничени на:**

- Започнување или надградување на иновативни идеи или економски активности.
- Дизајнирање, развој и отворање на циркуларни бизниси и промовирање концепти за циркуларна економија.
- Започнување или надградување на иновативни модели на циркуларната економија, вклучувајќи иницијативи меѓу граѓанските организации и властите и/или бизнис заедницата.
- Создавање граѓанско-ориентирани модели за давање јавни услуги и развој на интегрирани услуги во соработка со заедницата.
- Пилот активности за генерирање проходи со цел обезбедување континуитет по завршувањето на договорот.
- Тестирање и пилотирање иновативни пристапи во секторот на циркуларна и зелена економија.
- Тестирање и спроведување бизнис планови и одржливи стратегии.
- Спроведување едукација, јакнење на јавната свест и комуникациски кампањи за промовирање на еко-иновации, зелени и циркуларни бизниси (чистење на заедницата, застапување на заедницата, кампањи за подигање на свеста итн.).
- Воспоставување соработка меѓу бизнисите, образовните институции и носителите на одлуки со формални и неформални групи.
- Организирање на креативни и претприемачки настани, собири и работилници за застапување и/или граѓански акции.
- Други специфични активности релевантни за целите на овој повик.

## 4. ТРОШОЦИ

### 4.1. ОПРАВДАНИ ТРОШОЦИ

**Подобни трошоци се реалните трошоци направени од грантистите:**

- Кои се директно поврзани со целите на грантовата шема
- Трошоци за прототипирање на производи и услуги во циркуларната економија
- Трошоци за персонал директно поврзани со спроведувањето на проектот (плати) не повеќе од 20% од вкупниот буџет за трошоци за персонал
- Наведени во доставениот буџет
- Направени само за време на имплементацијата на проектот
- Трошоци кои може да се идентификуваат и потврдат (поддржани со сите сметководствени и други придружни документи)

- Трошоци кои се усогласени со барањата на важечките даночни и законски прописи
- Трошоци кои се разумни, оправдани и усогласени со барањата за добро финансиско управување.

## 4.2. НЕОПРАВДАНИ ТРОШОЦИ

Следните трошоци **не се оправдани:**

- Долгови и трошоци за опслужување на долг (камата);
- Резерви за загуби или потенцијални идни обврски;
- Трошоци декларирани од апликантот и финансирани од друга акција или програма за работа корисник на грант од Европската Унија (вклучително и преку Европскиот Фонд за Развој);
- Купување земјиште или згради, освен кога е неопходно за директната имплементација на акцијата, при што сопственоста мора да се префрли согласно со Член 7.5 од општите услови на стандардниот грант договор, најдоцна на крајот на акцијата;
- Загуби од менување на валутата (валутен курс);
- Придонеси во непарична помош (in-kind), освен за волонтерска работа;
- Бонуси вклучени во трошоците за персонал;
- Негативни камати наплатени од банки или други финансиски институции;
- Кредитирање на трети лица;
- Трошоци за плата или надоместок на персоналот на јавната администрација.

Целосната листа на неподобни трошоци ќе биде дополнително обезбедена.

## 5. ВРЕМЕТРАЕЊЕ И ГОЛЕМИНА НА ГРАНТОВИТЕ

Проектите поддржани преку грантовата шема мора да се спроведат во **период од 8 до максимум 12 месеци.**

Вкупниот износ на средства на располагање за оваа грантова шема изнесува 64.000 евра за вкупно 8 грантови. Избраната граѓанска организација ќе добие грант во максимален износ до 8.000 евра.

## 6. КОФИНАНСИРАЊЕ

**Кофинансирање или учество во непарична помош** (in-kind) од страна на грантистите (директно финансирање од свои средства или обезбедување дополнителни донаторски средства) **не се бара, но се охрабрува**, бидејќи финансиското учество може да укаже на поголема посветеност, како и на вештини за прибирање средства и одржливост кај апликантите.

## 7. ЛОКАЦИИ

Активностите треба да се спроведуваат на територијата на Република Северна Македонија со примарна употреба на локални ресурси, во согласност со националното законодавство.

## 8. ЕВАЛУАЦИЈА И СЕЛЕКЦИЈА

Грантистите ќе бидат избрани преку компетитивен процес на селекција од редот на учесниците кои успешно ја завршиле Академијата. **Селекцијата ќе се спроведе за време на финалниот натпревар** *(Демо денот)* **од независно експертско жири.**

### 8.1. КРИТЕРИУМИ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА И СЕЛЕКЦИЈА

Добитниците на грантови ќе бидат избрани врз основа на **следните критериуми** за кои дополнително ќе бидат поставени максимален број на бодови:

- Циркуларен бизнис модел
- Квалитет на идејата, мониторинг и физибилити план, и буџет
- Социјално влијание и влијание врз животната средина
- Иновација
- Потенцијал за развој и репликација
- Дополнителна вредност, како што се вклучување на ранливи групи, родова еднаквост, работа со млади или училишта, соработка со јавните власти, бизнис заедницата итн.

### 8.2. КРИТЕРИУМИ ЗА ИСКЛУЧУВАЊЕ

Учесниците на Академијата кои нема да ја презентираат нивната идеја на финалниот натпревар *(Демо денот)* и нема да ги поднесат бараните документи за пријава за грант нема да се земат предвид за грантовата поддршка.

Учесниците кои ќе ја завршат Академијата, но нема да учествуваат во активностите за вмрежување и споделување на искуството, ќе бидат исклучени од финансирање.

Кандидатите мора да ги следат и почитуваат етичките клаузули на Европската Унија и кодексот на однесување, како што се отсуство на конфликт на интереси, почитување на човековите права како и законите за животната средина и основните работнички стандарди, нулта толеранција за сексуална експлоатација, злоупотреба и вознемирување, антикорупција и анти-мито, невообичаени комерцијални трошоци (провизии), прекршување на обврските, неправилности или измами. Во спротивно, пријавите за грант ќе бидат одбиени или договорите за грант ќе бидат прекинати.

## 9. ПЛАЌАЊЕ И ОБВРСКИ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ

Плаќањето ќе биде обезбедено врз основа на потребните придружни документи во согласност со договорот меѓу примателот и ПИН, вклучувајќи ги следните:

- Наративен извештај со опис на спроведените акции
- Финансиски извештај со сите трошоци поврзани со акциите опишани во наративниот извештај
- Пропратни документи кои обезбедуваат сметководствени и програмски докази за секој трошок и побараните средства.

Во основа, исплатата на средствата од грантот ќе биде реализирана во 3 (три) транши по исполнување на условите дефинирани во договорот и во согласност со наведениот распоред:

- **Почетна исплата:** 50% од вкупно одобрените средства од грантот
  Временска рамка: по потпишувањето на договорот за распределба на средствата.

- **Средна исплата:** 40% од вкупно одобрените грант средства
  Временска рамка: плаќање по трошење на минимум 75% од првата исплата и по одобрување на извештаите од страна на ПИН и успешно спроведување на ревизија и/или мониторинг од страна на ПИН;

- **Конечна исплата:** 10% од вкупно одобрените грант средства
  Временска рамка/процедура: плаќање по одобрените извештаи од ПИН и успешното завршување на ревизијата и/или мониторингот спроведен од ПИН, најдоцна 30 дена откако конечните наративни, технички и финансиски извештаи се доставени до ПИН.

Во случај на специфични околности можни се и други прилагодувања (во зависност од природата на предложената идеја).

Целосниот механизам за распределба на средствата на грантистите ќе биде дефиниран во договорот за грант кој ќе содржи конкретни одредби за ублажување на ризикот од враќање на средствата, како што се суспензија на плаќањата во одредени околности, дополнителни предуслови за конечната исплата, неодобрување на големи авансни плаќања и сл.

Добитникот на грант ќе биде обврзан да го регистрира проектот за ослободување од ДДВ.

## 10. РАЗВОЈ НА КАПАЦИТЕТИТЕ И РАЗМЕНА НА ЗНАЕЊЕ

ПИН ќе организира информативни сесии за сите грантисти за да се осигура дека се запознаени со условите за грантот, проектниот менаџмент, вклучително финансиските и оперативни аспекти и видливоста на акциите финансирани од ЕУ. На грантистите ќе им биде овозможена постојана и приспособена поддршка вклучувајќи, но не ограничувајќи се на упатства и процедури, известување, мониторинг, видливост и комуникации, како и Кодексот на однесување за грантисти од ПИН.

Консултациите и проверките на напредокот (онлајн и лично) ќе гарантираат спроведување на акциите согласно планираниот распоред, во предвидениот опсег и квалитет, и навремено решавање на предизвиците.

Добитниците на грантови ќе треба да ги претстават своите идеи/циркуларни бизнис модели во неколку средни училишта и младински центри за да ги инспирираат и агажираат младите  во циркуларната економија. Во 2025, граѓанските организации ќе присуствуваат на два настани: еден за време на Глобалната недела на претприемништвото и на Собирот на еко-системот за циркуларна економија во Скопје.

## 11. МЕХАНИЗАМ ЗА ПОВРАТНА ИНФОРМАЦИЈА И ОДГОВОР НА ЗАЕДНИЦАТА

Ги цениме вашите повратни информации, грижи и предлози за нашиот проект, вклучувајќи ги процедурите за грантови и мерките за отчетност. За да се осигураме дека ќе ги слушнеме и ќе одговориме на вашите грижи, со цел да ги унапредиме нашите процеси и да ја одржиме транспарентноста, го поставивме Механизмот за повратни информации и одговор на заедницата. Ако имате загриженост за изборот на учесниците на Академијата или на грантистите, или сметате дека сте биле неправедно третирани, ве молиме контактирајте нè на телефонот +38923109905 или на е-поштата: feedback.balkans@peopleinneed.net.